Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81 седница одржана на 03.02.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1141/1 од 12.03.2021 година, со наводи за дискриминација на работно место, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-1141/1 од 12.03.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.03.2021 година, поднесена е пријава со наводи за дискриминација на работно место и оформен е предмет број 12-1141/1 од 12.03.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека од 1998 година бил вработен во _______ __ ________, на позиција офицер на ветеринарната служба. Во 2020 година со _______ __ _______ __ ___________ бил преместен и поставен на несоодветно место – _____ ___ ________ __ ___ __ ________ ______ __ _______ _ ________, за кое работно место биле пропишани сосема други стручни квалификации,образование и работно искуство, различни од тие кој што подносителот ги поседувал. Смета дека со донесувањето на актот за преместување и постапување, недоставувањето на одговор на жалба од страна на работодавачот, ускратувањето на права од работен однос и ставање во нееднаква положба му е извршена директна дискриминација. Додека со донесувањето на подзаконскиот акт – _________ __ _______ __ _______ __ _____ __ ______ ______ __ _____ __ ______ ______ __ _______ и ______ _______ кој извршува должности во _______ ______ _ _______ , бр .__ /____ и _________, бил ставен во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица, при што му била извршена индиректна дискриминација и вознемирување на работното место. Известува дека за предметните дејствија поднел претставки до Народниот правобранител, Државниот инспекторат за труд и до Инспекторот за права на персонал и граѓани – _______________________________________________.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на надлежно постапување на ДКСК, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација која, согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (,,Службен весник на РСМ" бр.258/20), е надлежна да постапува по претставки за конкретните случаи на дискриминација.

Оттаму ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.М.
Одобрил: Г.Т.,член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска